МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

**Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР**

**бр. 41**

**кај 16 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

**2 предлог-закони за кои има обврска воопшто не се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста**

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

### Предлог-закони утврдени на седница на Владата во период од 1 до 31 март 2019 г.

18

16 — Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР

- Утврдени на Влада, „Затворени“ на ЕНЕР: 4
- Утврдени на Влада, уште „Отворени“ на ЕНЕР: 12

0 — Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минимален рок за консултации на ЕНЕР

2 — Бр. на предлог- закони кои се утврдени на Влада и за кои има обврска да бидат ставени на ЕНЕР но не се објавени на ЕНЕР

**Табела.** Преглед на поднесени предлог-закони по министерства и почитување на обврската за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од обврската за консултации* | % на отстапки од обврската за консултации |
|---|---|---|---|
| МФ | 3 | 0 | 0% |
| МТСП | 4 | 0 | 0% |
| МИОА | 3 | 0 | 0% |
| МП | 5 | 0 | 0% |
| МЕ | 1 | 1 | 100% |
| МК | 1 | 0 | 0% |
| МТВ | 1 | 1 | 100% |
| ВКУПНО | 18 | 2 | 11.11% |

*Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија а спроведуван од Македонски центар за меѓународна соработка во партнерство со АДИ, Гостивар и Медиа плус, Штип. Во рамките на Граѓанскиот ресурсен центар се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР) Целта на оваа активност е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации и другите засегнати страни да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Оваа активност е продолжување на Проектот Огледало на Владата www.ogledalonavladata.mk, отпочнат во 2012 г., со поддршка на ЕУ(ЕИДХР) и УСАИД.*

**Предлог-законот или не е ставен на ЕНЕР за консултации или пак не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена*

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот според бројчаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен" значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен" значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите поставени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) кои во текот на март биле утврдени на седница на Владата. Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 113/2017*).

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.
Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието и од записниците достапни на веб-страницата на Владата.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 31 марти 2019 г., до Собранието беа поднесени вкупно 51 предлог-закони од кои за 18 предлог-закон постои обврска да бидат ставени на ЕНЕР. Од овие предлог-закони 16 беа ставени а 2 предлог-закони не се ставени воопшто на ЕНЕР за консултации со јавноста. Рокот за консултации од 20 дена е испочитуван кај сите 16 предлог-закони кои што беа ставени на ЕНЕР а статус на ЕНЕР е сменет во "Затворен" само кај 4 предлог-закони. Дополнително, од овие предлог-закони има неколку кои што по втор пат се поднесени од соодветното министерство до Собранието за усвојување, како што се Предлог-законот за социјална заштита и Предлог-закон за спречување и заштита од дискриминација. Останатите 33 предлог-закони немаат обврска да бидат ставени на ЕНЕР бидејќи се предложени од групи на пратеници (10) или се ратификација на меѓународна спогодба/договор (3) а 20 предлог-закони не се потпишани од Претседателот и се вратени во Собрание.

Предлог-законите за кои е испочитувана обврската за консултации се: Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска дисциплина, предложени од **Министерството за финансии**, Предлог-закон за социјалната заштита, Предлог-закон за социјална сигурност за старите лица, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, Предлог-закон за спречување и заштита од дискриминација, предложени од **Министерство за труд и социјална политика**, Предлог-закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, Предлог-закон за Централен регистер на население, Предлог-закон за електронско управување и електронски услуги, предложени од **Министерство за информатичко општество и администрација,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижност, Предлог-закон за јавното обвинителство, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија, Предлог-закон за бесплатна правна помош, Предлог-закон за изменување на Законот за спортот, предложени од **Министерството за правда,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди, предложен од **Министерството за култура.**

Двата предлог-закони за кои постоеше обврска да бидат ставени на ЕНЕР за консултации а сепак тоа не беше испочитувано се: Предлог-закон за урбанистичко планирање предложен од **Министерство за транспорт и врски**, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, предложен од **Министерството за економија.**

Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за работењето на граѓанските организации.

Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.

**Во овој број:**

Предлог- закон за бесплатна правна помош


МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Ул. Никола Парапунов 41а, Скопје

www.mcms.mk


**Предлог- Закон за бесплатна правна помош**

Предлог-законот ги уредува основните правила за обезбедување на бесплатна правна помош, правото на бесплатна правна помош, видовите и опсегот на бесплатна правна помош, давателите и корисниците на бесплатна правна помош, нивните обврски и одговорности, постапката во која се остварува правото на бесплатна правна помош, финансирањето, наградата и надоместокот на трошоците за дадената бесплатна права помош, бесплатна правна помош во прекугранични спорови, транспарентност и отчетност во давањето бесплатна правна помош, посебните постапки за правна помош и надзорот над примената на овој закон. Целта на овој предлог-закон е да се овозможи и унапреди правото на физичките лица на пристап до правдата и правичната судска заштита. Со овој предлог-закон се зголемување опсегот на лица кои можат да се јават како корисници на бесплатна правна помош поради слабата имотна состојба во која се наоѓаат.

Во член 4 се утврдува дека бесплатната правна помош може да биде дадена како примарна правна помош и секундарна правна помош. Примарна правна помош се дава на секое заинтересирано лице. Примарната правна помош ја даваат Министерствата, **здруженијата** и правните клиники, додека секундарната правна помош даваат адвокати во постапка пред суд, државен орган и лица кои вршат јавни овластувања. Дополнително, во член 6 се дефинира опсегот на примарна правна помош и опфаќа:

- Иницирање правен совет за правото на користење на бесплатна правна помош;
- Општа правна информација;
- Општ правен совет;
- Помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош;
- Помош при пополнување на формулари, обрасци издадени од управен орган во управна постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата; пензиско, инвалидско и здравствено осигурување; заштита на жртви на родово базирано насилство и семејно насилство; постапка за упис во матична книга на родени; стекнување со документи за лична идентификација и државјанство;
- Составување на претставки до Комисијата за заштита од дискриминација, и до Народниот правобранител и барања за заштита на слободи и права до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Во член 8 се наведени обврските кои се однесуваат на давателите на примарна правна помош, односно се утврдува дека врз основа на првичната средба со лицето и целокупната прибавена документација, давателот најдоцна во рок од два дена од средбата треба да изготви кратко писмено мислење за предметот кое ќе го приклучи кон списите и ќе го комплетира барањето за секундарна правна помош. Здружението или правната клиника во рок од четири дена од приемот на барањето, истото го доставува до подрачното одделение на Министерството кое се наоѓа на подрачјето на кое лицето има живеалиште или престојувалиште. Во член 9 е определена одговорноста на давателите на примарна правна помош според кој доколку е предизвикана штета при давањето на примарна правна помош од страна на здружението, надоместокот на штета паѓа на товар на здружението. Во член 10 дадени се условите и постапките за запишување и бришење на здружение во Регистарот на здруженија овластени за давање на примарна правна помош што го води Министерството. Во член 11 е определен начинот на финансирање на здруженија и правните клиники преку распишување јавен конкурс. Јавниот конкурс го објавува Министерството на својата веб страница и истиот трае 30 дена од денот на објавувањето, во првото тромесечје од тековната година, во рамките на средствата кои се за таа намена одобрени во рамки на буџетот на Министерството за тековната година. Здружението и правната клиника кои не е финансираат согласно член 11 од Законот, имаат право на надоместок за дадената примарна правна помош за секој предмет одделно за кој е одобрено барање за секундарната правна помош. Во член 12 е појаснета постапката за надоместок на здружението односно на правната клиника за дадената примарна правна помош.

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Весник на Република Северна Македонија а ќе отпочне да се применува од 1 октомври 2019 година.